**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ БАНКИ

ВТОР КВАРТАЛ, 2015 ГОДИНА

јули 2015 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи на банки*[1,2]

## *Големи банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: умерено нето-олеснување на кредитните услови за одобрување корпоративни кредити, коешто е речиси исто како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: натамошно зголемување на побарувачката на корпоративните кредити на нето-основа, со двојно посилна динамика споредено со претходната анкета.

- Очекувања за третиот квартал на 2015 година: задржување на динамиката на нето-олеснување на кредитните услови, при понатамошно нето-зголемување на побарувачката на корпоративните кредити, но со послаб интензитет во однос на претходната анкета.

### Кредити на население

- Кредитна политика: нето-олеснување на кредитните услови за одобрување кредити наменети на населението, коешто е помало кај потрошувачките кредити во однос на претходната анкета. Кај станбените кредити оценетото нето-олеснување е поголемо споредено со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: натамошно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити, коешто е послабо кај потрошувачките кредити отколку во претходната анкета. Кај станбените кредити, нето-зголемувањето е со речиси ист интензитет како и во претходниот квартал.

- Очекувања за третиот квартал на 2015 година: минимално нето-заострување на кредитните услови наспроти континуираното нето-олеснување во претходните пет анкети, во услови на понатамошно нето-зголемување на побарувачката, но со послаба динамика во однос на претходните очекувања, главно како резултат на потрошувачките кредити.

---

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.

[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најдат на следнава врска: Временска серија по групи банки.

### *Средни банки*

#### Кредити на претпријатија

- Кредитна политика: натамошно благо нето-олеснување на вкупните кредитни услови за одобрување корпоративни кредити.

- Кредитна побарувачка: натамошно умерено нето-зголемување на вкупната побарувачка коешто е посебно нагласено кај кредитите на големите претпријатија, при умерено намалување на побарувачката на долгорочните кредити на нето-основа.

- Очекувања за третиот квартал на 2015 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови и раст на кредитната побарувачка на нето-основа, со сличен интензитет како и очекувањата дадени во рамки на претходната анкета.

#### Кредити на населението

- Кредитна политика: понатамошно нето-олеснување на кредитните услови, но помало во однос на претходниот период. Позначајна промена е забележана кај станбените кредити за кои банките оценуваат непроменети кредитни услови, наспроти регистрираното нето-олеснување во претходниот квартал. Кај потрошувачките кредити се забележува умерено зголемување на динамиката на олеснување во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: натамошно нето-зголемување на побарувачката на сите видови кредити, со двојно послаба динамика во однос на претходната анкета

- Очекувања за третиот квартал на 2015 година: нето-олеснување на кредитните услови во услови на понатамошно зголемување на побарувачката на нето-основа, со значително послаб интензитет и кај двата сегмента во однос на очекувањата од претходната анкета.

### *Мали банки*

#### Кредити на претпријатија

- Кредитна политика: втора анкета по ред банките оценуваат непроменетост на кредитните услови за одобрување корпоративни кредити, по подолг период на одржување нето заострени кредитни услови.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на вкупната побарувачка на корпоративни кредити, наспроти оцените за непроменета кредитна побарувачка во претходната анкета.

- Очекувања за третиот квартал на 2015 година: натамошно олеснување на кредитните услови, при зголемување на побарувачката на нето-основа, со речиси ист интензитет како и во претходната анкета.

## Кредити на населението

- Кредитна политика: натамошно олеснување на кредитните услови на нето-основа, со речиси иста динамика како и во претходниот период.

- Кредитна побарувачка: понатамошно нето-зголемување на побарувачката на кредити наменети за населението, со умерено посилна динамика во однос на претходната анкета, пред сè како резултат на потрошувачките кредити. Кај станбените кредити оценетото нето-зголемување на побарувачката е со речиси ист интензитет како и во претходната анкета.

- Очекувања за третиот квартал на 2015 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови и раст на побарувачката на кредити на нето-основа со послаб интензитет отколку што се очекуваше во претходната анкета и кај двата сегмента.